**Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК**
Адреса. Трајко Сандански бр.3, Прилеп, Р.С.Македонија
Блог.www.zdr-adw.weebly.com
е-маил. zdr.adw15@yahoo.com
тел.+38977919341,+38948612854

**Association for promotion and protection of workers` rights DECENT WORKER**
Address: Trajko Sandanski no.3, Prilep, R.N.Macedonia
Blog. www.zdr-adw.weebly.com
e-mail. zdr.adw15@yahoo.com
phone.+38977919341, +38948612854

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за реализирани активности на Здружение Достоинствен Работник
# во текот на 2019 година

## Резиме

Главната цел на здружението е да ги промовира, унапредува и да ги заштити правата на работниците согласно со Стратегискиот план 2018-2021, Програмата за работа 2019-2020 и законските регулативи. Основната цел на здружение Достоинствен Работник е унапредување на можностите на жените и мажите за добивање пристојна и продуктивна работа во услови на слобода, еднаквост, сигурност и човечко достоинство.

## *Визија*

Работниците во нашето опшество да ги уживаат своите права, заработуваат за квалитетен и достоинствен живот и имаат олеснат пристап до правда.

## *Мисија*

Здружението ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК е респектабилен партнер, кој работи на едукација за работничките права и нивна заштита, поттикнување на солидарност и мотивација со цел унапредување на статусот на работниците во заедницата.

Активностите на здружението ќе се насочуваат кон унапредување на правата на работното место, поттикнување на можностите за достоинствено вработување, подобрување на социјалната правда и зајакнување на социјалниот дијалог на национално и локално ниво.
Потребно е синдикатите, медиумите и граѓанските организации да бидат повеќе присутни во јавноста и на тој начин да лобираат за поефикасни механизми за заштита на работниците и на жртвите на експлоатација на национално и локално ниво.

Позицијата на здружението Достоинствен Работник и натаму останува како непартиско, непрофитно и демократско здружение во интерес на работниците во Република Северна Македонија.

На крајот би сакале да им се заблагодариме на сите наши членови, волонтери, поддржувачи кои ни даваа континуирана поддршка во текот на годината. Исто така благодарност и до донаторите и партнерите со кои соработувавме и кој ја поддржаа нашата работа, а на тој начин овозможија идеите да се реализираат.

Не чека многу работа во унапредувањето на работничките права.

Од тој аспект би сакале да ги потенцираме следните проекти во тековната 2019 година кои се дел од развојот на организацијата во интерес на членовите и работниците, и тоа:

1. Проект: „Не биди роб – информирај се за своите работнички права!“
   Донор: Европска Унија преку грантова шема на здружение Отворена Порта
   Временски период: 01.01-31.12.2019
   Буџет: 469.170,00 мкд




<u>Извршно резиме</u>

Се јави потребата од подобрување на координацијата и соработката меѓу институциите на централно со тие на локално ниво, која соработка треба да донесе полесна индентификација на жртвите, а после тоа и помош за потенцијалните жртви. Исто така, подобрување на напорите за идентификација на жртвите во првичниот скрининг на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација при работа со ранливите групи од различни дејности, и активно ангажирање на органите за спроведување на законските регулативи да продолжат со водење на проактивни истраги. Потребно е да се издигне јавна свест за облиците на трудова експлоатација насочена кон невработените лица кои прифаќаат работа во земјава или во странство преку посредници кои се недоволно информирани за условите за работа

**Цел:** Воспоставување на механизам за информации и превенција на принудна работа и трговија со луѓе меѓу работниците во општина Прилеп.

**Резултати:**
<u>Р1:</u> Зголемена свест кај работниците од општина Прилеп за постоење на трудова експлоатација во текстилната индустрија.
<u>Р2:</u> Активни локални ГО за идентификација и превенција на лицата жртви на трговија со цел трудова експлоатација во текстилниот сектор.
<u>Р3:</u> Промовирање на јавно застапување во случаи на присилна работа и експлоатација.
<u>Р4:</u> Активни синдикати и институции во локалните заедници за помош и поддршка на работниците и нивно организирање за заштита од трудова експлоатација во текстилниот сектор.

**Активности:**
А.1. Формираање на мобилни тимови за превенција и идентификација на жртвите на трудова експлоатација;
А.2. Директна едукација (лице во лице) на работниците во текстилната индустрија во локалната заедница Прилеп и регионот;
А.3. Координативни состаноци со институции и организации;
А.4. Организирање работилници за проблемот со трговијата со луѓе за трудова експлоатација во локалната заедница Прилеп и регионот;
А.5. Подготовка и објавување публикација.

2. Проект: „Младите, образованието и вработувањето – очекувања наспроти реалност“




Донор: Општина Прилеп
Временски период:
01.05-31.12.2019
Буџет: 61.500,00 ден

Извршно резиме

Недоволната имплементација на локалната политика за економски развој е главната причина за невработеноста на младите во општина Прилеп. Можностите за вработување најчесто одат преку неформални канали т.е. преку роднини и пријатели. Улогата на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор во локалната заедница мора да биде зајакната која ќе доведи до помош при вработување на младите и отвореност на пазарот на труд. Здружението ќе придонесе кон подобрување на социо економската состојба на младите во локалната заедница преку подготовка на локална стратегија за вработување, промовирање на социјалното претприемниште и иновации, при координирање на активностите за вработување на младите со другите институции и бизнис секторот при истражување какви професии и занимања се потребни на пазарот на труд и поддршка на центрите за кариерно советување. Со имплементација на проектот ќе се зголеми соработката и размената на информации за пазарот на труд и младинското вработување во општината.

Општа цел
Да се придонесе кон создавање на пристојни работни места и подобрено вклучување на младите лица во пазарот на труд.

Специфични цели
1. Подобрување на соработката и координацијата помеѓу локалната самоуправа, бизнис секторот и образовните институции за унапредување на локалните активни политики за интеграција на младите на пазарот на труд.
2. Зголемена свест на младите лица во локалната заедница за предностите на претприемништвото, иновации и самовработување.

**Активности**. -Организирање на обука за претприемништво и иновации;
-Организирање на локални средби со млади од 3 рурални средини од општина Прилеп за програмата за самовработување; - Организирање на посета на успешно социјално претпријатие за идентификување на реални предности, предизвици и можности за развој.

**Резултати.** -Зајакнати капацитети на 80 млади лица од средните училишта за полесно вклучување на пазарот на труд; -Подобрена информираност на младите за локалните можности за (само)вработување; -Подобрени знаења на локалните граѓански организации за концептот социјално претприемништво и иновации.

3. **Проект: „Унапредување на внатрешните структури и процедури на управување на здружението Достоинствен Работник “**




Донор: Европска Унија преку грантова шема на Македонско здружение за заштита при работа
Временски период:
01.02-30.09.2019
Буџет: 494.672,00 ден

Здружението Достоинствен Работник го подобри своето управување во согласност со Статутот. Доброто управување во здружението го базиравме на систем на проверки и баланси меѓу различните поделби кои произлегуваат од Законот за здруженија и фондации, за да се вклучи целосна комуникација меѓу органите на делување, членовите и другите чинители за поголема доверба преку дадена гаранција дека се работи во интерес на целната група за која здружението постои и работи во областа на трудот и безбедност и здравје на работно место.

**Општа цел:**

Да се зајакнат внатрешните капацитети на здружението преку донесување на соодветни правилници и процедури и активно учество на членовите при донесување на одлуки за создавање на безбедни услови за работа во заедницата.

**Специфична цел:**

Да се воспостави видлива соработка и комуникација помеѓу здружението, членовите и заедницата, преку застапување на силно партнерство во делот на промовирање на безбедни и здрави работни места.

**Активности:**

1.Подготовка на документи, правилници и внатрешни процедури за организациска култура и развој на здружение Достоинствен Работник.
2. Организирање дводневна обука за подготовка и раководење со ЕУ проекти
3.Подготовка и дизајн на промотивен материјал и прирачник

**Резултати:**

-Зајакнати внатрешни капацитети за организациски развој и култура со активно вклучување на членовите во процесите на донесување на одлуки за создавање на безбедни услови за работа во заедницата;
-Зголемена видлива соработка и комуникација помеѓу здружението, членовите и заедницата и идентификација на безбедни и здрави работни места преку воспоставување на силно партнерство.




*„Човековите права не треба да се земаат здраво за готово. Залагањето за човекови права е работа во прогрес. Сите луѓе се родени еднакви во своите права.*
*Светот се уште работи на спроведување на Универзалната декларација за човекови права во пракса, и се чини дека на сите нас ни претстои уште многу работа.“*